# МОСКВА & САНКТ ПЕТЕРБУРГ

**10.04.2026 – 17.04.2026 | 7 ноќи – 8 дена | лет од Скопје**

**Авионска програма ✈**





| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **Turkish Airlines (Скопје – Истанбул – Москва \| Ст Петербург – Истанбул – Скопје)** |
| **Поаѓање:** | **10.04.2026 во 06:45ч. (Скопје)** |
| **Пристигнување:** | **10.04.2026 во 17:55ч (Москва)** |
| **Сместување:** | **3ВВ во хотел со 4* во Москва \| 4ВВ во хотел со 4* во Санкт Петербург** |
| **Услуга:** | **7 ноќевања со појадок** |
| **Друго вклучено:** | **Багаж + трансфери + панорамски разгледи на 2та града + претставник од Македонија** |
| **Враќање во Скопје:** | **17.04.2026 во 19:30ч.** |

## ЦАРСКА РУСИЈА

### Моќна, мистична и бескрајна

Земја која ги спојува историјата, културата и духовноста во едно неповторливо доживување. Од царските палати и златните куполи, до величествените реки и раскошните музеи – секој агол открива ново лице на оваа огромна земја. Велигден е особено убаво време да се почувствува рускиот дух – кога православните храмови блескаат во светлина, а градовите живеат во празничен ритам.

**Москва** – со својата строга величенственост и динамичност; и **Санкт Петербург** – со својата елеганција, романтика и уметничка душа, ќе ве поведат на патување низ царската историја, уметноста и верата. Патување што се памети цел живот.

## ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ:

**1 ден: 10.04.2026 СКОПЈЕ – ИСТАНБУЛ – МОСКВА**

Состанок на групата два часа пред поаѓањето, на аеродромот **ТАВ Скопје**, во **06:45 часот**. Лет со авиокомпанијата **Turkish Airlines** за Истанбул во **08:45 часот (TK1004)**. Пристигнување во **11:20 часот** и продолжување кон Москва со лет **TK415 во 14:00 часот**. Слетување на аеродромот во Москва во **17:55 часот** по локално време.

По завршување на пасошките и царински формалности, трансфер до хотелот и сместување. Првата вечер во руската престолнина ќе ви овозможи да го почувствувате пулсот на градот што никогаш не мирува – Москва, метропола која ги спојува царската историја и модерниот дух. **Ноќевање**.

**2 ден: 11.04.2026 МОСКВА – Град на Империјата (Бородинска Битка, Московско метро)**

**Појадок** во хотелот. Денот започнува со автобуско панорамско разгледување на Москва – срцето на руската држава и култура. Ќе го видиме монументалниот Црвен Плоштад, Кремљ, Црквата на Василиј Блажени, познатиот Бољшој театар, Храмот на Исус Христос Спасителот, Новодевичанскиот Манастир, како и универзитетот „Ломоносов“ и величествениот Парк на победата.

Слободното попладне е можност за дополнително откривање на градот или предлагаме **факултативна посета на музејот Бородинската битка**, посветен на славната војна со Наполеон од 1812 година. Главен експонат на музејот е панорамата – огромно сликано платно со димензии 115 x 15м, кое виси во затворен круг и преставува еден од најтешките моменти на војната на Бородинското поле Вечерта – **факултативна прошетка низ магичното московско метро**, вистински подземен музеј украсен со мермерни столбови, скулптури, мозаици и портрети на националните херои и важни моменти од руската историја. **Ноќевање.**

**3 ден: 12.04.2026 МОСКВА (Сергиев Посад; вечерно крстарење на Москва)**

**Појадок.** За љубителите на духовната и историската Русија, предлагаме **факултативна екскурзија до Сергиев Посад** (поранешен Загорск, 70км од Москва) – голем манастирски комплекс кој своевремено бил резиденција на рускиот патријарх а денес претставува еден од најстарите и најсветите места во земјата и центар на православието. Разглед на Тројствената лавра на св. Сергеј, позната по својата величествена архитектура и мирна, монашка атмосфера. Враќање во Москва и слободно време. Вечерта, како вистински завршеток на денот – **факултативно пловење со луксузниот брод-ресторан Radisson по реката Москва**, со поглед на величенствено осветлените мостови, згради, куполи и паркови на градот. Тура која не се пропушта. **Ноќевање.**

**4 ден: 13.04.2026 МОСКВА (Кремљ и Палата на оружјето) – САНКТ ПЕТЕРБУРГ**

**Појадок.** Слободен ден или предлагаме **факултатина програма – Кремљ,** најстариот и најзначајниот дел од историскиот центар на Москва - срцето на руската историја и извонредно атрактивен архитектонско уметнички комплекс. Прошетка низ неговите катедрали, дворови и дворци (црквата Успение на Архангел, Цар-ѕвоното, Цар-топот, итн). Можност да се посети и **Палатата на Оружјето** - вистинска ризница на богатства во московскиот Кремљ заштитена од УНЕСКО, место каде се чуваат највредните предмети од царска Русија – круни, скиптри, кочии, скапоцени предмети и уметнички ремек-дела.

Попладне – трансфер до станицата и патување со супербрзиот воз Сапсан, кој ги поврзува двата најголеми руски града (поаѓање во 17:00 часот, пристигнување во 20:50 часот). По помалку од 4часа во воз, пристигнување во Санкт Петербург – градот на Петар Велики, градот на реките, каналите и мостовите. Сместување во хотел. **Ноќевање.**

**5 ден: 14.04.2026 САНКТ ПЕТЕРБУРГ – Северната Венеција (Петерхоф)**

**Појадок.** Ден за запознавање со раскошниот Санкт Петербург, еден од најубавите градови во Европа. Панорамско разгледување на градот без влезници: Невски Проспект, Казанската катедрала, Дворскиот плоштад, Ермитаж, Адмиралитетот, Исакиевската катедрала, Бронзениот коњаник, како и познатите мостови и канали што му го даваат прекарот „Северна Венеција“. **Факултативно: посета на Петропавловската тврдина и црквата на св. Петар и Павле** каде се закопани голем број на руски цареви и императори почнувајќи од Петар I. Во овој комплекс кој претставува историското јадро на градот се наоѓа историскиот музеј на Санкт Петербург како и прочуените зандани. Слободно време за прошетки по живописните улици и кафулиња. **Ноќевање**.

**6 ден: 15.04.2026 САНКТ ПЕТЕРБУРГ (Пушкин – Царско Село; Петерхоф)**

**Појадок.** Слободен ден за индивидуални прошетки, или факултативно ден исполнет со царска убавина. **Факултативна посета на Пушкин – Царското Село**, летната резиденција на Екатерина Велика, замокот и прекрасниот парк со површина од 34 км2. Ентериерот на замокот фасцинира со сјајот на уметничките предмети изработени од полускапоцени камења, злато, портрети на династијата Романови. Ќе имате можност да влезет и да ја видите прочуената Килибарска сала, симбол на богатството и уметничката префинетост на руската империја. Попладне – **факултативна екскурзија до Петерхоф**, раскошната летна резиденција на Петар Велики, позната по своите паркови и фонтани, поради што често се нарекува Рускиот Версај. Поглед кон познатата фонтана со 250 позлатени скулптури и прошетка низ Горниот и Долниот парк, се до обалата на Финскиот залив од каде се шири поглед кон Санкт Петербург и Кронштат. Враќање во градот. **Ноќевање.**

**7 ден: 16.04.2026 САНКТ ПЕТЕРБУРГ (Ермитаж; Крстарење по Нева)**

**Појадок.** Слободен ден за индивидуални активности, а наш предлог е денот да го посветите на уметност и инспирација со организираните факултативни тури**. Факултативна посета на Ермитаж** – еден од најголемите и најбогати музеи во светот, сместен во поранешниот Зимски дворец покрај брегот на Нева, во срцето на градот. Неколку милиони експонати и уметнички дела од сите епохи, меѓу кои ремек-делата на Леонардо да Винчи, Тицијан, Ван Гог, Сезан, Рембрант, Пикасо и многу други. Музејот е неверојатна ризница на безвременски дела од непроценливо значење. Попладне – факултативно крстарење по реката Нева, со поглед кон фасадите, куполите и мостовите што го прават Санкт Петербург град од соништата. Слободна вечер. **Ноќевање.**

**8 ден: 10.10.2025 САНКТ ПЕТЕРБУРГ – ИСТАНБУЛ – СКОПЈЕ**

Последен **Појадок** во градот на реките и дворците. Трансфер до аеродромот. Лет за Истанбул со Turkish Airlines во 12:50 часот (TK402), пристигнување во 16:55 часот. Потоа лет за Скопје во 18:55 часот (TK1005), пристигнување во 19:30 часот. Со спомени исполнети со царска убавина, православна духовност и руската душа – завршува ова незаборавно велигденско патување.

| | | |
|---|---|---|
| **МОСКВА & СТ ПЕТЕРБУРГ**<br>**Април 2026**<br>**Хотели 4****** | **ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ** | **10.04.2026 – 17.04.2026** |
| | **УСЛУГИ** | **Ноќевање со појадок** |
| | **НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ** | **7 Ноќи / 8 Дена** |
| **Регуларна Цена по лице во двокреветна соба** | | **1.395 € / 86.490 мкд** |
| **EARLY BOOKING ЦЕНА по лице за резервации до 31.12.2025** | | **1.290 € / 79.980 мкд** |
| Доплата за еднокреветна соба | | 200 € / 13.020 мкд |
| Попуст за дете од 02-11,99 години | | -100 € / 6.200 мкд |
| Попуст за трето возрасно лице во соба не следува. Лежај за 3то лице може да е со помали димензии од стандардните. | | |

**Во цената е вклучено:**

- Авионски превоз на релација Скопје – Истанбул – Москва  и Санкт Петербург  – Истанбул – Скопје, со **Turkish Airlines**.
- Аеродромски такси, чекиран багаж 20кг и рачен багаж 8кг.
- Воз Сапсан од Москва до Ст. Петербург (окулу 4 часа).
- 3 ноќевања со појадок во хотел  4*  во Москва.
- 4 ноќевања со појадок во хотел  4*  во Санкт Петербург.
- Трансфери според програмата.
- Панорамски разглед на Москва со локален водич на српски јазик, без вклучени влезници, според програмата.
- Панорамски разглед на Ст. Петербург со локален водич на српски јазик, без вклучени влезници, според програмата.
- Придружник на групата за време на престојот во Русија, локални водичи, организација на аранжманот.

**Во цената не е вклучено:**

- Патничко здравствено осигурување.
- Дополнителни оброци, пијалоци и други индивидуални трошоци.
- Факултативни посети, излети и влезници (Пријавување во агенција)

**ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ (со водич, превоз и влезници вклучени):**

**Москва**

- Кремљ (и 2 православни цркви)*** 50еур
- Сергиев Имот 55еур
- Прошетка низ Московско Метро 10еур
- Бородинска Битка 40еур
- Крстарење по реката Москва 50еур
- Палатата на оружјето 55еур

**Ст. Петербург**

- Ермитаж 50еур
- Пушкин (Царското село) *** 65еур
- Петерхоф, Горен и Долен парк 55еур
- Петропавловска Тврдина 40еур
- Пловење по реката Нева 40еур

**** За реализација на Пушкин (Царско село) и Кремљ е потребно пријавување и плаќање со правење на резервацијата во агенција.*

***** За пријавување и уплата на сите факултативни екскурзии однапред во агенција – 10 % ПОПУСТ (вкупна цена 460еур)**

**Важни Забелешки:**

- Организатор на ова патување е Аурора Турс.
- За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 20 патници. Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- За резервации потребна е авансна уплата во висина од 40% од вкупнот износ на аранжманот, целосна доплата најдоцна дваесет (20) дена пред поаѓање.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.